**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Слободанка Колоска**
**именуван за подрачјето на**
**основните судови**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул. Димитар Влахов 13/9**
**izvrsitel.koloska@gmail.com**
**тел. 046/256-420;070/359-383**

**Образец бр.66**

**И.бр.378/24**

Извршителот **Слободанка Колоска** од **Охрид** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ОПШТИНА ОХРИД** од Охрид со седиште на ул. Димитар Влахов бр.57,преку полн.адв.Драган Коровешоски Охрид, засновано на извршните исправи Решение НПН.бр.08/24 од 17.01.2024 на Нотар Анита Кипаризоска Струга и Решение (за исправка) НПН.бр.08/24 од 17.01.2024 на Нотар Анита Кипаризоска Струга, против должникот **Друштво за производство трговија и услуги БИГ СТОУН ДООЕЛ с.Делогожди Струга** од Струга со седиште во с.Делогожда, за спроведување на извршување во вредност 3.872.750,00 ден., на ден 16.12.2024 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како деловна просторија, запишана во **лист В од имотен лист бр.101433 за КО Охрид 4** при АКН Охрид со следните ознаки:

- КП.бр.4105, дел 4, адреса бул.Туристичка, бр.на згр.3, намена Б4-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена ДП , со внатрешна површина од 86 м2,која се наоѓа во сопственост на должникот Друштво за производство трговија и услуги БИГ СТОУН ДООЕЛ с.Делогожди Струга.

Продажбата ќе се одржи на ден **03.01.2025 година во 10:30 часот** во просториите на Извршител Слободанка Колоска во Охрид .

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со Заклучок на извршителот И.бр.378/24 од 29.10.2024г. изнесува 7.140.150,00 денари, а намалена за 1/3 согласно чл.185 став 2 од ЗИ, по предлог на доверителот со писмен поднесок од 12.12.2024 год., изнесува: **4.760.100,00 денари** под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености :

- Право на залог (Хипотека) во корист на Халк банка АД Скопје, правен основ на запишување: Нотарски акт-Договор за залог-хипотека врз недвижност ОДУ.бр.164/21 од 26.03.2021г. на Нотар Едмонд Шазимани Охрид; Правен основ-анекс: Изјава за делумно бришење на хипотека знак 03-21101/1 од 26.06.2023г. издадена од Халк банка АД Скопје, заверена со УЗП.бр.7046/2023 од 29.06.2023г. на Нотар Едмонд Шазимани Охрид,

- Налог за извршување врз недвижност И.бр.378/24 од 20.05.2024г. на Извршител Слободанка Колоска Охрид,

- Налог за извршување кај пристапување кон недвижност И.бр.378/24 од 03.07.2024г. на Извршител Слободанка Колоска Охрид,

- Налог за извршување кај пристапување кон недвижност И.бр.546/24 од 08.07.2024г. на Извршител Слободанка Колоска Охрид,

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно 476.010,00ден.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.210073986200278 која се води кај НЛБ банка АД Скопје и даночен број 5020019504637 со цел на дознака гаранција по И.бр.378/24.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во **рок од 15 дена од денот на продажбата**, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Даноците и другите издатоци во врска со продажбата на недвижностите паѓаат на товар на купувачот.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање „Нова Македонија" и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Слободанка Колоска

Д.-на: Доверител, Заложен доверител,Пристапен доверител,
Должник, Општина Охрид-Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци и УЈП на РСМ .

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.